ОПШТИНСКИ
# ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 7 Април - Мај 2019

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk

## Општина Крива Паланка на свечен начин ја одбележа 205-годишнината од делото на Јоаким Крчовски

Општина Крива Паланка, ЛУ Градски музеј и МПЦ Кумановско-осоговска епархија, за прв пат во современата македонска историја, го отпочнаа годишното чествување на Јоаким Крчовски-истакнатиот просветител и духовник од нашата преродбенска историја.



По тој повод во општинската сала беше оддржана свечена академија за ликот и делото на Јоаким Крчовски, а воедно беше промовирана и книга со наслов „Јоаким Крчовски во народната и духовната традиција“ од кривопаланечкиот автор, проф. д-р Јордан Михајловски. Промотор на книгата беше проф. д-р Маја Јакимовска Тошиќ од Институт за македонска литература.



Пригодно предавање за историјата на македонскиот јазик, имаше проф. д-р Лилјана Гушевска од Институтот за национална историја, Скопје.



Во рамки на програмата за одбележувањето на 205-годишнината од делото на Јоаким Крчовски, градоначалникот на општина Крива Паланка, Борјанчо Мицевски и директорот на ООУ „Јоаким Крчовски“, Дане Петровски ја открија спомен бистата на преродбеникот Јоаким Крчовски, која се наоѓа во дворот на општинското основно училиште .

## Прогласени најдобрите просветни работници и ученици на генерација во Крива Паланка



По повод 24 Мај, Денот на сесловенските просветители Св. Кирил и Методиј, Општина Крива Паланка организираше Свечена академија на која се доделија годишните признанија за најуспешните просветни работници во одделенска и предметна настава и на учениците на генерацијата од основните училишта „Јоаким Крчовски“ и „Илинден“ и во средното училиште „Ѓорче Петров“.

Признание за најуспешен просветен работник во одделенска настава доби **Добри Јовевски** од ООУ „Илинден“, а за најуспешен просветен работник во предметна настава **Татјана Филиповска** од СОУ „Ѓорче Петров“.

За ученици на генерацијата признанија добија **Лина Рангелова**, ученичка во ООУ „Јоаким Крчовски“ , **Марија Маџовска** од ООУ „Илинден’’ – подрачно училиште од с.Мождивњак и **Јован Младеновски** од СОУ „Ѓорче Петров“.



Амбасадорот на Словачка во РС Македонија, Хенрик Маркуш ја отвори изложбата на фотографии „По трагите на Св.Кирил и Методиј“, дела од авторот Павол Демеш од Братислава, Република Словачка.

Фотографиите се создадени во период од три години при посетите на местата поврзани со животот и дејноста на словенските просветители, поради што изложбата претставува една фотографска биографија на Св. Кирил и Методиј.



## Одржување на земјаните патишта

Во текот на изминатиот период Општина Крива Паланка имаше значителни активности за одржување на земјаните патишта во атарот на повеќе села и тоа: Луке, Подржи Коњ, Осиче, Дубровница, Нерав, Огут, Метежево, Конопница и др.



Извршено е порамнување, проширување, делумно одводнување и насипување на земјаните коловози, како и отстранување на околната вегетација.

Во натамошниот период ќе се работи на санација и подобрување на условите за одвивање на сообраќајот по земјаните патишта и во други села и приградски населби согласно програмата.



## Асфалтиран локален пат во с.Трново и с.Конопница

Активноста се реализира преку Центарот за развој на Североисточниот плански регион, и е дел од третата фаза од проектот насловен како „Подобрување на условите за рурален развој, развој на туризмот и мобилноста во Североисточен плански регион“.



Асфалтиран е локалниот пат во село Трново, кракот кон црквата Св. Никола и селското училиште , во должина од 500 м.



Асфалтиран е дел од локалниот пат во с. Конопница на потегот кај црква и м.в. Спас , во должина од 311 м.



## Интензивни активности за санирање на свлечишта и изградба на потпорни стени

Општина Крива Паланка интензивно работи на санирање на свлечишта и изградба на потпорни стени на улиците Баглачка, Никола Тесла, Ратко Минев, Калин Камен и улицата Панче Пешев.

Извршено е испитување на носивоста на теренот со правење на бушотини за дефинирање на типот на подлогата и носивоста, со што би се определиле видот на конструкцијата на носивините ѕидови и нивното техничко решение, за изработка на техничка документација за потпорни стени на овие локации.



Градежни работи на санација и надградба на потпорен ѕид на улица „Херој Карпош“ , при што се врши зајакнување на постоечкиот ѕид со надтемелна стопа и надградба во висина од околу еден метар. Работите на оваа градба ги изведува фирмата „Дине трејд“ од Крива Паланка.

## Тековни градежни активности во општина Крива Паланка





Продолжуваат градежните активности кои Општина Крива Паланка ги реализира преку Одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура. Асфалтиран е дел од улица „Вардарска“ и крак од улица „Единство“. Работите ги изведува градежната фирма „Лабино“од Гостивар.

## Продолжува соработката со косовската општина Витина

Делегација од косовската општина Витина предводена од градоначалникот Сокол Халити оствари работна посета на општина Крива Паланка.



Општините се партнери во имплементацијата на проектот за изградба и реконструкција на инфраструктура, насловен како „Туризам без граници“ кој е во прилог на развој и промоција на туризмот во регионот, финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка на ЕУ, помеѓу Северна Македонија и Косово.



Делегацијата од општина Витина имаше можност да ги види историските и етнолошките поставки во ЛУ Градски музеј од Крива Паланка, како и да изврши увид на терен на пешачко-рекреативната патека, која се изгради во рамки на проектот, на локалитетот „Стара вада” со вкупна должина од 860 м. и просечна ширина од 1,5 м.

Проектот кој ќе биде аплициран со новиот повик од ИПА програмата за прекугранична соработка, предвидува продолжување на изградената пешачко-рекреативна патека и нејзино надополнување со атрактивни туристички содржини.

## Поставување декоративни светилки на пешачката патека-висока зона лев брег



На новоизградената пешачка патека на локација „Стара вада“ поставени се декоративни светилки со ЛЕД сијалици со средства во висина од 230.000 денари од Буџетот на Општина Крива Паланка.

## Со финансиска помош од Бугарија ќе се подобрува спортската инфраструктура во Крива Паланка



Амбасадорот на Република Бугарија во Република Северна Македонија, Ангел Ангелов оствари работна посета на општина Крива Паланка, на која со домаќинот, градоначалникот Борјанчо Мицевски, разговараа за проектот за подобрување на спортската инфраструктура, кој ќе се имплементира во општина Крива Паланка, а кој е финансиран од страна на бугарската амбасада.



Проектот е во висина од 73.000 евра и во наредниот период ќе биде интервенирано во три дела и тоа изградба на атлетска патека околу градскиот стадион, изградба на мини голф терен и изградба на скејт парк.

## Во Крива Паланка се реализираше настан со тема „Работи и заработувај од дома“

Општина Крива Паланка, Фондацијата „Со срце за Крива Паланка” и Семос Едукација организираа настан на тема „Работи и заработувај од дома”, на кој беа презентирани можностите на креативните професии и можности за работа од дома, Upwork- платформата и алатките на креативните софтвери Photoshop и Illustrator.



На настанот учествуваа средношколци, невработени лица како и останати заинтересирани граѓани кои имаа можност да проследат презентација за атрактивноста на креативните професии од Ангелина Канчевска, раководител на авторизиран Adobe тренинг центар и на Семос академија за дизајн и презентација за дизајн и креативни алатки и Upwork-платформата за што говореше Бобан Крстев, сертифициран Adobe инструктор.

## Поставени табли за забрането фрлање на отпад







Општината Крива Паланка постави над триесетина табли за забрането фрлање на отпад на локации каде е евидентирано недозволено одлагање и фрлање на отпад. Поголем дел од таблите се поставени на локации кои со еколошките акции се исчистени од отпад, а дел се поставени на локации кои е предвидено да се исчистат во текот на месец јуни. **На локациите каде се поставени таблите ќе се спроведува и посебен надзор**.

Ги потсетуваме граѓаните дека заради обезбедување на јавна чистота и заштита на животната средина и природата најстрого е забрането фрлање на отпад на јавни површини и во природата, односно надвор од определените места и садови за одлагање на отпад.

### Бесплатен телефонски број за пријавување на недозволено фрлање, одлагање и оставање на отпад е: 078 30 30 60

Повиците кон овој број се бесплатни за повикувачите. Овој телефонски број функционира секој работен ден од 07 часот до 22 часот.



Традиционално, шеста година по ред, на вториот ден од Велигден, Крива Паланка е домаќин на манифестацијата „Велигденска традиција“, организирана од ЛУ Градски музеј и локалната самоуправа на општината.




## Во Крива Паланка одбележан Денот на Европа

Со низа свечености, музички и ликовни перформанси во Крива Паланка беше одбележан 9-ти Мај, Денот на Европа и Денот на победата над фашизмот.

Европската унија не е само идеја, туку таа е континуитет кон кој се стремиме години наназад. ЕУ е многу повеќе од тоа, Европската унија значи еднаквост, солидарност, социјална стабилност, почитување на различностите, владеење на правото, хармонија, соживот, слободен проток на идеи, капитал, слободно движење и остварување на фундаменталните човекови права базирани на меѓусебно почитување, разбирање и соработка. Со еден збор, Европската унија значи слобода, изјави градоначалникот Мицевски во своето обраќање пред присутните.



## Набавена нова опрема за осветлување за НУ Центар за култура

Општина Крива Паланка, во насока на подобрување на условите за работа и престој во НУ Центар за култура, изврши набавка на нова опрема за осветлување.





Купена е нова опрема за осветлување во висина од 61.000 денари и тоа миксета и ЛЕД рефлектори со сите неопходни приклучоци и сталки, со што значително е подобрена состојбата и условите за непречено одвивање на активностите на НУ Центар за култура.

Финасиските средства се обезбедени од наплатата на влезниците за Меѓународниот театарски фестивал „Свети Јоаким Осоговски“ 2018.